# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Сл.Весник на Р.Македонија бр.126 од 01.12.2006 година

**Член 1**

Во Законот за спречување на корупцијата ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2002 и 46/2004), во членот 11 став (1) зборовите: "За изборна кампања" се заменуваат со зборовите: "Од донесувањето на одлуката за распишување на избори па се до завршувањето на изборот за претседател на Република Македонија, за пратеници во Собранието на Република Македонија, како и за избор на градоначалник или членови на советот на општините и на градот Скопје", а зборовите: "единиците на локалната самоуправа" се заменуваат со зборовите: "на општините и градот Скопје".

Во ставот (2) зборовите: "Во текот на изборната кампања за избор на претседател на Републиката, за избор на пратеници, градоначалник или членови на совет на единица на локална самоуправа" се заменуваат со зборовите: "Од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори до завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје".

Во ставот (3) зборовите: "Во текот на изборната кампања од ставот (2) на овој член" се заменуваат со зборовите: "Од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори до завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје", а по зборот "капитал" се додаваат зборовите: "ниту да се потпишуваат колективни договори".

**Член 2**

Во насловот на членот 13 и во членот 13 став (1) зборовите: "средствата од нелегални избори" се заменуваат со зборовите: "противправни и анонимни извори на финансирање".

Во ставот (2) зборовите: "средствата од нелегални извори" се заменуваат со зборовите: "противправни и анонимни извори на финансирање".

**Член 3**

Во членот 14 ставови (2) и (3) зборовите: "и Државната изборна комисија" се бришат.

**Член 4**

Во членот 15 став (1) по зборовите: "Државната комисија" се додаваат зборовите: "може да", а зборовите: "во периодот од една година од денот на" се заменуваат со зборот "по", а по зборовите: "завршувањето на" се додаваат зборовите: "изборите за ".

Ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Ставот (4) кој станува став (3) се менува и гласи:

"За извршениот увид од ставот (1) на овој член Државната комисија во рок од 30 дена му доставува извештај на Собранието на Република Македонија. Извештајот се објавува во средствата за јавно информирање."

**Член 5**

Во членот 16 став (1) зборовите: "општествено значајна" се бришат.

**Член 6**

Насловот на членот 18 се менува и гласи: "Ослободување од чување на класифицирани информации".

Во членот 18 зборовите: "државна, воена или службена тајна" се заменуваат со зборовите: "класифицирани информации", а точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: "согласно со закон".

**Член 7**

Во членот 26 став (1) по зборовите: "државните органи" се додаваат зборовите: "општините, градот Скопје".

Ставот (2 ) се брише.

**Член 8**

Во членот 30 по зборот "прима" се додава зборот "лични".

**Член 9**

Во членот 32 ставовите (2) и (3) се бришат.

Во ставот (4) кој станува став (2) зборовите: "одредбите од ставовите (1) до (3)" се заменуваат со зборовите: "одредбата од ставот (1)".

**Член 10**

Членот 33 се менува и гласи:

"(1)Избран или именуван функционер, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, при изборот или именувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот или именувањето, пополнува анкетен лист со детален попис на недвижен имот, подвижни предмети од поголема вредност, хартии од вредност и побарувања и долгови, како и друг имот

што е во негова сопственост, или сопственост на членовите на неговото семејство, со наведување на основот на стекнување на пријавениот имот и депонира заверена изјава од нотар за откажување од заштита на банкарска тајна во однос на сите сметки во домашни и странски банки, како и изјава за согласност за јавно објавување на податоците за имотната состој ба од анкетниот лист.

(2)Лицето од ставот (1) на овој член има обврска да пополни анкетен лист во рок од
30 дена по престанувањето на функцијата.

(3)Лицето од ставот (1) на овој член кое во рок од 30 дена по престанокот на функцијата е избрано или именувано на иста или на друга функција е должно да ја извести Државната комисија за новиот избор или именување, а анкетниот лист од ставот (2) на овој член ќе се смета за анкетен лист доставен во рокот од ставот (1) на овој член.

(4)Лицето од ставот (1) на овој член, анкетните листови од ставовите (1) и (2) на овој член и изјавата од ставот (1) на овој член ги доставува до Државната комисија и Управата за јавни приходи."

**Член 11**

По членот 33 се додаваат два нови члена 33-а и 33-б, кои гласат:

"Член 33-а

(1)Службено лице при вработувањето во државните органи, во општинската администрација и администрацијата на градот Скопје најдоцна во рок од 30 дена од денот на вработувањето пополнува анкетен лист со детален попис на недвижен имот, подвижни предмети од поголема вредност, хартии од вредност, побарувања и долгови, како и друг имот што е во негова сопственост, или сопственост на членовите на неговото семејство, со наведување на основот на стекнување на пријавениот имот.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член има обврска да пополни анкетен лист во рок од 30 дена по престанувањето на вработувањето во органите од ставот (1) на овој член.

(3)За службеното лице од ставот (1) на овој член кое се вработува од еден во друг орган без објавување на јавен оглас, пополнетиот анкетен лист од ставот (2) на овој член ќе се смета за анкетен лист доставен во рокот од ставот (1) на овој член.

(4)Службеното лице од ставот (1) на овој член, анкетните листови од ставовите (1) и (2) на овој член ги доставува до органот во кој е вработено.

(5)Органот во кој службеното лице е вработено е должен анкетниот лист да го достави
до Државната комисија по нејзино барање.

(6)Министерот за правда донесува акт за начинот на постапување со анкетните листови од овој член.

Член 33-б

Содржината и формата на образецот на анкетниот лист ги пропишува Државната комисија."

**Член 12**

Во членот 34 став (1) по зборот "должно" се додаваат зборовите: "во рок од 30 дена".

**Член 13**

Називот пред членот 35 и членот 35 се менуваат и гласат: "Јавност на анкетниот лист

Член 35

(1)Податоците од анкетниот лист претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон.

(2)Податоците од анкетните листови, освен податоците заштитени со закон на лицата од членот 33 став (1) на овој закон, се објавуваат на веб страницата на Државната комисија."

**Член 14**

Во членот 36 став (1) по зборовите: "ако лицето" се додаваат зборовите: "не дало анкетен лист, или".

**Член 15**

Во членот 47 став (1) зборот "овој" се брише.

**Член 16**

Членот 48 се менува и гласи:

"(1)Членовите на Државната комисија ги именува Собранието на Република Македонија со мандат од пет години, без право на повторно именување.

(2)Од редот на членовите именувани според ставот (1) на овој член, Државната комисија избира претседател со мандат од една година."

**Член 17**

По членот 48 се додаваат четири нови члена 48-а, 48-б, 48-в и 48-г, кои гласат:

"Член 48-а

За член на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија и да има постојано место на живеење во Република Македонија и
- да има високо образование од областа на правото и економијата, да ужива углед во вршењето на функцијата и најмалку осум години работно искуство.

Член 48-б

(1)Собранието на Република Македонија го објавува огласот за именување на членови на Државната комисија во "Службен весник на Република Македонија" и во дневниот печат.

(2)Огласот од ставот (1) на овој член трае 15 дена од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија".

(3)При изборот на членовите на Државната комисија да се има предвид принципот за соодветна и правична застапеност.

(4)Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија подготвува предлог на листа од пријавените кандидати и ја доставува до Собранието на Република Македонија.

Член 48-в

(1) Претседателот на Државната комисија пред истекот на неговиот мандат за претседател може да биде разрешен по негово барање.

(2) Доколку претседателот е разрешен согласно со ставот (1) на овој член, Државната комисија избира претседател за остатокот на мандатот на разрешениот претседател.

Член 48-г

(1)Членовите на Државната комисија имаат статус на именувани лица.

(2)Членовите на Државната комисија имаат право на месечен надоместок во висина од 2,5 просечни месечни нето плати исплатени по работник на ниво на Република Македонија."

**Член 18**

Членот 48-а кој станува член 48-д се менува и гласи:

"Член 48-д

(1)Собранието на Република Македонија го разрешува членот на Државната комисија пред истекот на мандатот по предлог на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, ако:

- сам го побара тоа;
- е осуден за кривично дело за кое му е изречена ефективна казна затвор во траење повеќе од шест месеца и
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата.

(2)Исполнувањето на условите за разрешување од ставот (1) на овој член ги утврдува Државната комисија со мнозинство гласови од вкупниот број членови и поднесува иницијатива за разрешување на член на Државната комисија до Собранието на Република Македонија."

**Член 19**

По членот 48-д се додава нов член 48-ѓ, кој гласи:

"Член 48-ѓ

Кога член на Државната комисија е разрешен согласно со одредбите од членот 48-д на овој закон, Собранието на Република Македонија објавува оглас за именување за член на Државната комисија со мандат во траење до истекот на мандатот на разрешениот член."

**Член 20**

Во членот 48-в кој станува член 48-ж во ставовите (2) и (3) зборовите: "секретар", односно "секретарот" се заменуваат со зборовите: "генерален секретар", односно "генералниот секретар".

**Член 21**

Во членот 49 став (1) алинеја 1 точката и запирката на крајот се бришат и се додаваат зборовите: "и Акционен план за нејзино остварување".

Во алинејата 2 зборовите: "остварување на државната програма" се

заменуваат со зборовите: "работа на Државната комисија".

Во алинејата 5 зборовите: "казнено гонење" се бришат.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

"- покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал;".

Алинејата 6 која станува алинеја 7 се менува и гласи:

"- постапува во случаи на судир на јавниот и личниот интерес, определени со закон;".

Во алинејата 7 која станува алинеја 8 зборовите: "службени лица" се бришат.

Во алинејата 13 која станува алинеја 14 зборот "овој" се брише.
Алинеите 8, 9, 10, 11 и 12 стануваат алинеи 9, 10, 11, 12 и 13.

**Член 22**

По членот 50 се додаваат два нови члена 50-а и 50-б, кои гласат:

"Член 50-а

(1)Членот на Државната комисија анкетниот лист и пријавата за промена на имотната состојба ги доставува до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и до Управата за јавни приходи.

(2)Одредбите од овој закон кои се однесуваат на роковите за доставување на анкетниот лист, изјавата и пријавата за промена на имотната состојба соодветно се однесуваат и за членот на Државната комисија.

(3)Барање за испитување на имотната состојба на член на Државната комисија согласно со членот 36 од овој закон до Управата за јавни приходи може да поднесе Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Член 50-б

Во случај на сомневање за постоење на судир на интереси за член на Државната комисија се бара мислење од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија."

**Член 23**

Во членот 51 ставот (4) се менува и гласи:

"(4) За разгледување на одделни прашања Државната комисија може да побара мислење од стручни лица, или лицата да ги покани да учествуваат на седница на Комисијата."

**Член 24**

Во членот 53 став (1) по зборот "податоци" се додаваат зборовите: "и известувања".

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Податоците и известувањата од ставот (1) на овој член Државната комисија може да ги побара и од надлежен орган или правно лице ."

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

"Ако Државната комисија ги побара податоците од ставот (1) на овој член од надлежен орган или правно лице, органот или правното лице е должно без одлагање задолжително да постапи и во рок од 15 дена да ги достави бараните податоци, а кога се работи за класифицирани информации, се постапува согласно со закон."

**Член 25**

По членот 53 се додава нов член 53-а, кој гласи:

"Член 53-а

Во случај на непостапување согласно со членот 53 став (2) од овој закон, против одговорното лице во надлежниот орган, или одговорното лице во правното лице, Државната комисија може да покрене иницијатива за поведување постапка пред надлежен орган за утврдување на негова одговорност."

**Член 26**

Во насловот на Главата VII зборот "КАЗНЕНИ" се заменува со зборот "ПРЕКРШОЧНИ".

**Член 27**

Во членот 60 став (1) зборовите: "Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Во ставот (2) зборовите: "Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Во ставот (4) зборот "неидентификувани" се заменува со зборовите: "противправни и од анонимни".

**Член 28**

Во членот 61 став (1) зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на", а зборот "неидентификувани" се заменува со зборовите: "противправни и од анонимни".

**Член 29**

Во членот 62 зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

**Член 30**

Во членот 63 зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

**Член 31**

Во членот 64 зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

**Член 32**

Во членот 65 зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

**Член 33**

Во членот 66 зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

**Член 34**

Во членот 67 став (1) зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на", а по зборовите: "одговорно лице" се додаваат зборовите: "во правното лице".

Ставот (2) се менува и гласи:

"(2) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе се изрече и на правното лице."

**Член 35**

Во членот 68 став (1) зборовите: "правното лице ќе се казни за прекршок со парична казна од 200.000 до 300.000 денари" се заменуваат со зборовите: "на правното лице ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност".

**Член 36**

Во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се објави огласот за именување на членови на Државната комисија согласно со овој закон.

**Член 37**

Постојните членови на Државната комисија продолжуваат да ја вршат функцијата на членови на Државна комисија до именувањето на нови членови на Државната комисија согласно со овој закон.

**Член 38**

Во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон Државната комисија ќе ја пропише содржината и формата на образецот на анкетниот лист.

Постојните анкетни листови продолжуваат да се применуваат до влегувањето во сила на прописот од членот 33-б на овој закон.

**Член 39**

Постојните анкетни листови поднесени до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се смета дека се поднесени согласно со овој закон.

**Член 40**

Во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон министерот за правда ќе го донесе прописот од членот 33-а став (6) на овој закон.

**Член 41**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".